Фондацијата Стамболиев парично го награди и дипломиран студент, Стрезимир Трајковски. Наградени беа и останатите дипломци со најдобар просек од страна на спонзорите Т-мобиле Мотива и Пивара.

ЕЛЕМ додели парични награди на дипломираните студенти со најдобрите дипломски работи од енергетските насоки.



Од останатите активности акцент беше даден на Центарот за развој на мали бизниси. Австрискиот амбасадор, Н.Е. г-дин Филип Хојос одржа пригоден говор. Фудбалската екипата на МФС доби подарок од спонзорот ЈСП - Скопје. Секако, неизостана и изненадувањето за нашите комшии, за ФЕИТ (екс ЕТФ).

Посебно изненадување на промоцијата беа тортите за двајцата дипломци кои имаа роденден на денот на промоцијата. Исто така дипломци кои имаат деца, треба да пратат слика од нив и ќе добијат индекс и пригодно изненадување.

Потоа следеше доделување на дипломите при што Деканите на МФС и ИСИЖС им ги врачуваа и им честитаа на дипломците.

На крај во холот пред бифето се одржа пригоден коктел.

## ПОСЕТИ И АКТИВНОСТИ

На ден 16.02.2007, на покана од проф. д-р Р. Поленаковиќ, Универзитетскиот Центар за развој на нови бизниси при МФС беше посетен од Н.Е. Филип Хојос, амбасадор на Р. Австрија и г. Живко Јанкулоски, потпретседател на Владата на РМ. Пред нив се презентираа активностите на Центарот, како и идните планови. На амбасадорот му беше врачена благодарница за поддршката и успешната соработка.

Од останатите активности на Центарот го издвојуваме следниот. Имено на ден 20.02.2007 беше одржан IV состанок на Advisory Board, каде што беа дискутирани новите идеи и активности на Центарот.

## ЦЕНТАР ЗА ЧИСТО ПРОИЗВОДСТВО НА Р. МАКЕДОНИЈА НА МФС

МФС од страна на УНИДО Филијалата за енергија и чисто производство со седиште во Виена е предложен како институција во која ќе биде сместен Национален Центар за Чисто Производство во Р. Македонија. Ова е потврдено и со посетата на МФС од страна на г-ѓата Petra Schwager, Cleaner Production Unit, Energy and Cleaner Production Branch, UNIDO, Austria и г-дин Mirko Lesnjak, Liveo, Slovenia, на ден 31.01. и 01.02.2007 год.

## МАШИНСКО ИНЖЕНЕРСТВО НАУЧНО СПИСАНИЕ

Зборникот на трудови на МФС излезе од печат со ново име и дизајн. Имено, одсега ќе се вика Машинско инженерство.

Му посакуваме многу успешни броеви и уште поголем придонес во развојот на техничката наука и мисла во Р.М. и пошироко.

## КАМПАЊА ЗА ПРИВЛЕКУВАЊЕ НА ИДНИ СТУДЕНТИ

Кампањата за привлекување на идни студенти за студирање на МФС започна под водство на новото одговорно лице, доц. д-р Златко Петрески.

Деновиве ќе стартуваат презентациите по средните училишта, промотивниот материјал веќе се подготвува, ќе следи отворениот ден, учество на саем за образование, презентации по средните училишта низ државава и останати активности.

## ИЗЛОЖБА НА ФОТОГРАФИИ

Вчера, 21.02.2007 год. во ходникот пред библиотека беше отворена изложба на фотографии од вработени на МФС и ФЕИТ.

Коментарите и реакциите се повеќе од позитивни. Тоа го охрабри организациониот одбор да размислува за следни вакви акции. Изложбата ќе трае една недела.

Погледајте ја изложбата и верувајте, за миг ќе се расположите и одморите од секојдневните обврски.

## ТРАДИЦИОНАЛНО ПОТСЕТУВАЊЕ

Сите припадници на "појакиот" пол и оваа година се потсетуваат дека до излегувањето на следниот број ќе наиде празникот осми март.

На сите припаднички на понежниот пол им го честитаме престојниот празник!

## О Т С У С Т В А

1. Проф. д-р Марко Серафимов реализира службено патување во Австрија во период од 29.01 до 3.02.2007 год. со цел учество на Меѓународен конгрес со презентација на сопствен труд.

2. Проф. д-р Александар Ношпал релизира службено патување во Италија во период од 11-18.02.2007 год. со цел учество во работата на AFT Tempus како Темпус академски експерт.

3. Асс. м-р Ана Лазаревска реализира службено патување во Австрија во период од 9-16.02.2007 год. со цел учество на Меѓународна конференција со презентација на сопствен труд.

4. Проф. д-р Драги Данев и проф. д-р Милан Косевски реализираа службено патување во Турција во период од 8-11.02.2007 год. со цел подготовка на научен проект во рамките на FP7.

5. Доц. д-р Валентина Гечевска, проф. д-р Владимир Дуковски, доц. д-р Глигорче Вртаноски, вон. проф. д-р Радмил Полена-ковиќ и проф. д-р Добре Рунчев реализираа службено патување во Словенија во период од 21-24.02.2007 год. со цел реализирање на работни активности - десиминација на искуства при развивање на е-леарнинг наставни содржини и платформа во рамки на Tempus SCM проектот.

6. Доц. д-р Атанас Кочов релизира службено патување во Словенија во период од 14-18.02.2007 год. со цел учество во обука за снабдувачки синџири и бризгање на пластика во организација на CIRKO MES CE и TEKOS од Љубљана.

7. Проф. д-р Миле Димитровски и асс. м-р Даме Димитровски реализираа службено патување во Босна и Херцеговина во период од 21-24.02.2007 год. со цел посета на Институтот за гасна техника и Техничкиот факултет во Сараево заради создавање услови за потпишшување на меморандум за соработка во областа на гасната техника.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**23.02.2007**
**27 СЕДНИЦА НА ННС**

08.03.2007
ДЕН НА ЖЕНАТА

**29.03.2007**
**28 СЕДНИЦА НА ННС**

## СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИК ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА

**Техничко уредување:**
*Тони Манџуковски*
*Борис Рошков*

**Година 2007, февруари, број 58**

***ФАКУЛТЕТСКИ***

***ИНФОРМАТОР***

## ПРОМОЦИЈА НА ДИПЛОМИРАНИ СТУДЕНТИ 2006

На ден 16.02.2007 во 12 часот во Амфитеатарот се одржа промоција на завршените студенти на МФС и тоа:

- 9 магистри (VII-2 степен)
- 107 дипломирани машински инженери
- 16 машински инженери (VI-1 степен)
- 29 дипломирани студенти на ИСИЖС
- 14 дипломиран студент на ИСЗПР

Деканите на МФС И ИСИЖС одржаа поздравни говори. Поздравно обраќање имаше и потпретседателот на Владата, проф. д-р Живко Јанкуловски и проректорот на УКИМ, проф. д-р Борис Крстев. Потоа од страна на факултетот беа наградени најдобрите дипломирани студенти, најдобрите дипломски работи, најдобрите студенти по студиските години.

Најдобриот дипломиран студент, Бојан Јовановски со просек 9.94 доби вредни награди: постдипломски студии од МфС, спознорот Инженерската Институција на Македонија му додели прстен, а Фондацијата Стамболиев на 24 мај ќе му ја додели традиционалната награда како најдобар студент на МФС.